UDC 316.77:323.1]:070(497.7)

# ПОИМОТ НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ ВИДЕН НИЗ МАКЕДОНСКИТЕ ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Биљана Рајчинова-Николова
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

*Апстракт:* **Поимот идентитет е чадор термин, кој во различни контексти и дискурси добива различно значење. Основната цел е на трудот е да се истражи улогата и функцијата на македонските печатени медиуми во актуелизирањето на одреден концепт на идентитет под одредени актуелни политички случувања поврзани со приемот на РМ во НАТО и ЕУ. Тезата од која се тргнува е следнава: под одредени политичкиии околности, национални и наднационални, се задскрива фактот за променливоста, нестабилноста, фрагментираноста и пластичноста како темелни одредници на идентитетот, а медиумите се алатки со кои се фаворизира есенцијалистичкиот концепт за националниот идентитет. Истражувањето, ќе се базира на квантитативна анализа на дневните печатени медиуми (весниците) *Дневник* и *Нова Македонија*. Критериум за одбирот на весниците во кои ќе се спроведе истражувањето е нивото на нивното влијание врз јавното мислење во Република Македонија.**

*Клучни зборови*: **идентитет, концепти на идентитет, медиуми, печатени медиуми, весникот *Дневник,* весникот *Нова Македонија***

## I. ПОИМОТ ИДЕНТИТЕТ

Во општествената, политичката, културната и медиумската комуникација поимот *национален идентитет* е еден од најексплоатираните и најактуелните. При самото негово споменување се подгреваат страстите, зошто тој претставува важно општествено, политичко и егзистенцијално прашање. Идентитетот ја изразува самоидентификацијата на поединецiот со групата, историското опстојување во кое сите ние сме инволвирани со раѓањето во одредена култура преку писменоста, сопствениот автохтон збор и израз, литературата, творечкиот дух, инспирацијата, информирањето...

Кога некој сака да го дефинира сопствениот идентитет, најчесто зборува за својата национална или верска припадност, (дефинирање кое во праксата се покажало како недоволно, зашто идентитетот подразбира повеќе од национална и религиозна припадност). Во сите епохи ќе се најдат луѓе кои сметаат дека имаат една главна припадност: за едни тоа е нацијата, за други религијата или класата.

Инсистирањето на чист идентитет (кој само е идеолошки привид), покажува склоност кон минатото, обопштувања, потчинување на различниот и Другиот, агресивност и милитарност. Колку и да се одбива фактот дека во секоја култура има наслојки и од други култури, треба да се признае дека не постојат чисти идентитети. Ова е поткрепено со тезата на Глисан (Glissan), дека: „целиот свет се креолизира" (Глисан, цитиран според Нери, кај Њиши, 2001: 271). Според него, постојат две различни култури – атавични и хетерогени култури. Атавичните култури се креолизирале многу одамна, а денес се насочени да го бранат статусот на нивниот идентитет како култури со единствен корен. Станува збор за опасна замисла, ширена од европските народи и западните култури во светот, дека признаен национален идентитет може да биде само идентитетот со единствен корен, кој исклучува било каков друг. Оваа визија се „спротиставува на денешното сфаќање за хетерогените култури (кои се креолизирале од неодамна) и за идентитетот како резултат на креолизацијата" (Глисан, цитиран според Нери, кај Њиши, 2001: 275), кој веќе не е со единствен корен, туку корен кој се среќава со други корени.

## II. Концепти на идентитет

При дефинирањето на концептот на идентитетот постојат две различни парадигми. Првата парадигма смета дека идентитетот е нешто дадено, фиксно и непроменливо (есенцијалистички концепт на идентитет), додека пак втората парадигма смета дека идентитетот е нешто што активно се гради, менува и трансформира (антиесенцијалистички/конструктивистички концепт на идентитет).

Есенцијалистичкиот концепт на идентитетот реферира на идентитет со еден единствен корен. Се засновува на митот за „заедничко потекло на крвта и земјата", со што се негира правото на Другиот да се чувствува како Друг и како различен, Другиот е укинат, што е одлика на тоталитарните идеологии.

Антиесенцијалистичкиот/конструктивистичкк от концепт на идентитет, се поврзува со културниот развој на единката, но и на целиот систем на општеството. Акцентот се става на дилемата околу избор на идентитет, како воопштена афирмација на плурализмот и на хетерогеноста. И токму во овој амбиент, идентитетот се поима како заедница што не се засновува на митот за „заедничко потекло на крвта и земјата, туку историски се оформува преку државата и културата како „симболички универзум", кој на поединците им дава општи рамки на ориентација во дадената политичка заедница" (Крамариќ, 2012: 240).

Ниту еден идентитет не може да се јави како чиста презентност или објективност, туку секој идентитет е контингентен и нестабилен, а она што најнапред се перципира како единство на идентитет не е ништо друго освен артикулација на различни елементи, кои во различни политички, историски и културни околности можат да бидат реартикулирани на безброј инакви начини. Или како што вели Хол (Hall): „идентитетот подлежи на постојана трансформација, тој е предмет на континуирана игра на историјата, културата и моќта..." (Hall, 1990: 225).

Во трудот *Прашања за културниот идентитет*, Хол ги анализира „концептите на идентитетот", присутни во ставовите на западната култура и цивилизација, докажувајќи дека разгледбите за идентитетот поминале низ три фази: првата е онаа која го конструира „просветителскиот субјект" (се темели на дуалистичката концепција која произлегла од идеите на Декарт: Gogito, ergo sum/-мислам значи постојам. Според овој концепт, луѓето се состојат од две различни нешта, од ум и од тело. Умот на секој поединец е различен од умот на другите, затоа секој поединец е различени и има сопствен идентитет кој не може да се разложува). Втората фаза е онаа која го конструира „социолошкиот субјект" (соодветен за периодот на модерната. Поединецот веќе не е заокружена и самосвесна единка, туку се формира во односите со другите, врз основа на групни процеси и колективни норми, се врзува за одредена општествена група – класата, професијата, местото на раѓање или националноста, на чија основа се создава неговиот идентитет, односно „идентитетот на поединецот се вшива во таа поширока структура, со што се стабилизира неговиот културен свет, а на чија основа и поединецот и пошироката општествена структура стануваат единствени и предвидливи" (Hall, 1992:165). И третата фаза е онаа која го конструира „постмодерниот субјект" (тој презема различни идентитети во различни времиња, што го оспорува ставот за постоење одредено себство). Постмодерниот субјект е фрагментиран, дисперзиран и читан низ мноштво дискурси по принципите на Фуко, кој во своите текстови субјектот го набљудува како производ на дискурзивни значења и интериоризираните механизми на дисциплинирање. Имено, постмодерната филозофија покажа дека не постојат чисти идентитети и дека во секој идентитет постојат траги од Другиот, од различниот.

Во современите општества сѐ уште е актуелен есенцијалистичкиот концепт на идентитет, но за културолошките студии, антиесенцијалистичкиот/конструктивистичкиот концепт на идентитет (според кој идентитетот е културна конструкција, односно „идентитетот е нешто што може да се премести и манипулира според моменталните потреби, контексти и симболички интеракции (Lewis, 2002: 374)), е поприфатлив.

## III. Индивидуален и колективен идентитет

За формирање на колективен идентитет (кој може да опстои исклучиво ако постои заедничка желба за колективна идентификација и заедничкото искуство во минатото), потребно е да се совпаднат две компоненти: вредноста (јазикот, културата, минатото, историјата) и искуството (традицијата). Кога се зборува за индивидуалниот и колективниот идентитет, секогаш е истакнато своеволното поистоветување со некоја етничка група, заедница или нација, што ни дава за право да ја истакнеме одредницата – јазик, бидејќи колку и да се различни овие категории на идентитетот, сепак нив ги поврзува јазикот, а ставот на (речиси сите) научниците е дека јазикот е основно обележје на етницитетот, кое ја дава сликата за идентитетот, културата и традицијата.

Македонската историја, јазик, култура и традиција, го граделе македонскиот национален идентитет, кој во последниве дваесетина години се движи меѓу локалното и глобалното, национално-

то и универзалното, меѓу потребата да се зачува сопствениот идентитет и потребата да се биде дел од големата културна синтеза на Запад. Ќулафкова вели дека: „не спаѓа ни меѓу простите, ни меѓу еднозначните, ни меѓу клишираните етнички идентитети. Се проблематизира до тој степен што постоењето на македонскиот јазик, име, симболи, историја, црква, култура, па и територија, се предмет на постојани гео-политички преиспитувања во поновата историја. Неоспорно е дека секој, па и македонскиот идентитет се поставува во ситуација да се самоодбранува и да се самодокажува, тогаш кога од некоја или нечија позиција, ќе се доведе во прашање и ќе се негира. Во таков случај, идентитетот е поставен пред две вообичаени опции: да се дестабилизира сѐ до исчезнување и целосна асимилација на другиот, или обратно, да се стабилизира сѐ до радикален и неретко проблематичен облик на самоидентификација (мистифицирана, митологизирана, романтичарска, ксенофобична, експанзистичка форма на етничкиот идентитет)" (2006: 184).

За ескалирањето на интересот за прашањата поврзани со македонскиот идентитет, во Македонија, најмногу придонесе негаторскиот однос и политиката спрема нашата земја од страна на нејзините соседи, кои и во 21 век, во новите меѓународни релации влегоа со товарот од минатото и анахроните великодржавни амбиции, предрасудите и националистички аспирации кон македонската нација, нејзиниот јазик, историја, култура и територии. Тоа се главните причини што поимот *идентитет*, како механизам за заштита од нападите, стана масовно употребуван (и од медиумите). Тој стана и главен аргумент за одбрана на уставното име на државата Македонија од барањата за промена на името од соседна Грција, која како услов Република Македонија да си го најде своето вистинско место во заедницата на другите европски држави со членството во ЕУ и во НАТО нелогично бара Република Македонија да се согласи на промена на националниот идентитет. Имајќи ја предвид конструктивистичката парадигма за идентитетот, ваквиот непринципиелен притисок би можел да се оправда со ставот дека во интерес на повисоки цели, можат да се извршат интервенции во националните идентитетски ознаки. Но, едно е да се (ре)конструира националниот идентитет како резултат на сопствена идентификација со одредени, а не некои други истории и традиции, а сосема друго идентификацијата да се условува од „надворешни" позиции. Во такви ситуации се активираат оние есенцијалистичките концепти кои, во крајна линија, произведуваат хиерархии на идентитетите и омаловажувања на Другиот. Таквиот процес може да се следи и во Република Македонија преку проследување на релацијата идентитет-медиуми.

## IV. Врската идентитет – медиуми

„Не постојат природни или оригинални видови идентитет, бидејќи секој идентитет претставува резултат на некој траен процес, на мноштво интеракции што се одигруваат во просторот, чии што контури не се јасно дефинирани" (Mouffe, 1994: 110). Имено, идентитетот не е нешто што човекот природно го наследува, не е нешто дадено еднаш за секогаш, не е постојана категорија, туку е нешто што со текот на времето се менува, односно може да се конструира. Врз конструирањето на иденти-

тетот, односно врз неговата динамика (врз начинот на социјалното дејствување и вреднување), влијаат(ле) општествените, политичките и културните услови, а во поново време свое влијание имаат и медиумите. Тие се едни од важните фактори кои влијаат на конструирањето на идентитетот.

Трудот ќе се обиде да одговори на клучното прашање: каква е врската помеѓу процесите на конструирањето на идентитет и дејствувањето на медиумите, преку проследување на националните дневни печатени медиуми, *Дневник* и *Нова Македонија* (како едни од значајните фактори во креирањето и презентирањето на јавното мислење). Факт е дека медиумите функционираат на начин соодветен на официјалната политика и се идеолошки контролирани. Оттука, произлегува и истражувачкиот проблем кој се идентификува во прашањето дали постои (медиумски) хомогенизирачки опис на реалноста, што непосредно и нужно (идеолошки и дискурзивно) влијае на мислењето, однесувањето и идентитетот на оние што ги конзумираат.

Медиумите се едни од важните ресурси во креирањето и репрезентирањето на вредносниот систем на националните заедници. Оттука, медиумите се и алатка за дискурзивно конструирање на идентитетот. Важното прашање кое се поставува е: Какви дискурси/концепти/нарации за националниот идентитет се сретнуваат во медиумите и какви се начините на кои медиумите влијаат во конструирањето на националниот идентитет? Тоа значи да се проследат доминантните медиумски дискурси, начините на нивното ширење и значењата што тие ги градат. Оттука, предмет на истражување на овој труд е да се истражи опсегот и значењето на поимот национален идентитет во македонските печатени медиуми *Дневник* и *Нова Македонија*, а со тоа да се дефинираат и начините на кои медиумите се користат како алатка во неговото конструирање.

Основната теза од која се тргнува е дека променливоста, нестабилноста, фрагментираноста и пластичноста се темелни одредници на идентитетот, а медиумите се алатки за негова (ре)конструкција. Медиумите стануваат водечки ресурси за конструирање на идентитетски проекти, односно во процесот на креирањето на националниот идентитет тие имаат важна, па дури и одлучувачка улога, затоа што го обликуваат јавното мислење, а со тоа влијаат на општествениот договор на заедницата во однос на прашањата за идентитетот. Овие заклучоци ќе се применат во конкретен географски простор – Република Македонија, со цел да се да се истражи дали и како преку медиумите може/неможе идентитетот да се (ре)конструира и да се дефинира, а со тоа привремено да се менува неговата содржина и значење), односно да се истражи улогата и функцијата на медиумите во (ре)креирањето на идентитетот и менувањето на неговата содржина и значење.

Функцијата на медиумите најчесто се одредува како: извор за времена и точна информација, за едукација, место за дебата за да се сондира јавното мислење, место каде се судираат различни ставови, место каде се изразува слободната мисла итн. Ваквите одредувања на функцијата на медиумите по малку е идеалистичка, затоа што не ја зема предвид можноста тие да станат алатка на центрите на моќ за наметнување на сопствениот дискурс. Во тој контекст може да се констарира дека медиумите се моќни средства за пласирање и

ширење на идентитетски производи од центрите на (политичката) моќ.

Како моќно средство кое влијае на тоа кои сознанија и информации ќе стигнат до широк круг на консументи, тие ја имаат таа моќ да доведат до еден вид „девалоризација на реалноста со што публиката се дезориентира и се инхибира нивниот пристап до политичката свест" (Brune, a 1993:4, цитиран според Георгиевска-Јаковлева, 2014: 69), односно медиумите стануват „сојузник" што обезбедува, како што вели Баркер (Barker, 1993:3), „размножувачки (пролиферувачки) ресурси" за конструирање на новите идентитети. Според Георгиевска-Јаковлева „тие ресурси имаат означувачка моќ, но не како нешто што е надредено. Тие не го конструираат идентитетот како надреден фактор, туку од материјалот што го лиферуваат, публиката, со прифаќање или со одбивање, прави смисла. Иако, медиумите се доминантни во репрезентацијата на идентитетите, значењата што тие ги градат се посредувани од она што се нарекува живеена култура "(2014:75). Оттука, медиумите даваат материјал за да се преговара за атрибутите на одреден национален идентитет, кој потоа, со прифаќање или одбивање на публиката/консументите, привремено може да се стабилизира или да доведе до ситуација на дисонантни гласови. Тоа произлегува од фактот дека токму медиумите, под влијание на центрите на моќ, можат одредени атрибути да ги претставаат како есенцијални и затоа важни за еден идентитет, а други да ги претставаат како маргинални или да ги премолчат.

Медиумите својата „медиумска политика" ја водат во согласност со она што и на национално и на наднационално ниво се „чита" како доминантен дискурс (најчесто оној кој доаѓа од структурите со моќ) и на тој начин учествуваат во неговото ширење. Медиумската политика е отворена за убедување, но дискутабилно е прашањето дали медиумите убедуваат согласно официјалната, државна политика. или пак дејствуваат согласно етиката, принципите на независност и објективност, бидејќи задачата на медиумите не е само да бидат нечии мегафони, туку напротив, нивна задача е покрај голите информации да создаваат и вредности. Оттука, медиумите функционираат како места каде што замислувањето на националната заедница се шири и се споделува, како ресурси што ја снабдуваат заедницата со материјали за самоидентификација и како форум каде што е репрезентиран животот на заедницата. Тие имаат означувачка моќ.

Истражувањето се базира на квантитативна анализа. Квалитативната (дискурзивна) анализа ќе биде предмет на понатамошни истражувања. Во овој момент треб да се нагласи дека за потребите за (квалитативната/дискурзивната) анализата, материјалите се класифицираат во три групи:

- информации, вести, извештаи, изјави за процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија;
- реакции кои се однесуваат на правните акти, односно на правото за самоопределување и самоименување и правото на идентитет и
- анализи, коментари, интервјуа, фељтони во кои се изнесуваат историски факти кои се донесуваат во релација со македонскиот идентитет;

Ваквата поделба е направена за аналитички цели, бидејќи често се среќаваат текстови во кои има преклопување на трите теми, што докажува дека сите се ресурси врз кои можат да се

(ре)конструираат нови идентификациски основи. За нас најактуелни се последните.

### V. Методолигија

Појдовна точка во истражувањето е пребарувањето на статии кои во себе го содржат поимот идентитет, во два македонски дневни весници: *Дневник* и *Нова Македонија*, печатени во периодот од 2009 – 2013 година, со цел да се истражи улогата и функцијата на медиумите во (ре)креирањето на идентитетот и менувањето на неговата содржина и значење. Периодот од петте години е одреден врз база на специфичната положба на Република Македонија по Самитот на НАТО во 2008 година, кога таа не го доби посакуваното и очекувано членство како резултат на ветото на Грција која го оспорува легитимитетот на името на Република Македонија. Бидејќи станува збор за стратешка определба на РМ која е доведена во прашање, а самиот услов за остварување на таа стратешка определба бара од граѓаните на РМ самите да се идентификуваат како нешто што тие сметаат дека не се, широко го отвори просторот за ре(имагинирање) на македонскиот идентитет во кој учествуваат и македонските медиуми.

Со пребарување, преку селекција, односно со примена на општиот научен метод апстракција на поимот идентитет (од останатите), беа идентификувани текстови кои експлицитно го содржат овој поим. Тие понатаму, преку општиот научен метод анализа, се класифицираат по неколку основи:

- класификација на текстовите по автор, со број на застапени текстови;
- класификација на текстовите по години на објавување, со бројна застапеност;
- жанровска класификација, со бројна застапеност и
- класификација на текстовите по концепти/модели за идентитет, со бројна застапеност.

Добиените податоци статистички се обработуваат (се применува квантитативна анализа) за да се изведат мерливи показатели. Потоа со општите научни методи индукција и дедукција, се изведуваат заклучоци во однос на поставените прашања. Оттука, истражувањето се темели на:

- собирање на податоци,
- нивна класификација (по автори, по години, по жанрови и по концепти/модели на идентитет) и
- изведување на заклучоци.

### VI. Статистичка анализа

Во дневните весници *Дневник* и *Нова Македонија*, во периодот од 2009 – 2013 година, идентификувани се вкупно 343 текстови каде се споменува поимот идентитет, од кои 231 текст се идентификувани во весникот *Дневник,* додека пак во весникот *Нова Македонија* идентификувани се 112 текста.

Од добиените резултати, може да се заклучи дека во весникот *Дневник* бројот на текстови во кои се сретнува поимот идентитет е двојно поголем од бројот на текстови во кои се сретнува поимот идентитет, во весникот *Нова Македонија*. Бројната разлика помеѓу пронајдените текстови кои го содржат поимот идентитет, упатува на заклучокот дека весникот *Дневник* посветува поголемо внимание на оваа тема, но тоа никако не значи дека весникот *Нова Македонија* не посветува доволно вни-

мание на темата. Оттука, може да се заклучи дека и весникот *Дневник* и весникот *Нова Македонија* посветуваат (големо) внимание на оваа тема, во овие печатени медиуми има нагласен интерес за темата идентитет, па следува дека темата идентитет е една од важните теми за македонската држава.

| Дневник | Нова Македонија | Вкупно |
|---|---|---|
| 231 | 112 | 343 |

**Табела 1:** Вкупен број на идентификувани текстови кои го содржат поимот идентитет и нивна бројна застапеност во *Дневник и Нова Македонија*

## VII. Статистичка анализа на весникот *Дневник*

### *а) Класификација според авторите на текстовите*

Во периодот од 2009-2013 година, за прашањата поврзани со поимот идентитет, во весникот *Дневник* пишуваат повеќе автори. Мал дел од авторите се огласуваат повеќе пати, па структурата на класификацијата на текстовите по автори, е следнава:

| Весник: ***Дневник*** | Вкупно идентификувани текстови што го содржат поимот идентитет: 231 |
|---|---|
| **Име на Автор/Автори** | број |
| Ајановски, Георги | 1 |
| Алексовски, Александар | 1 |
| Бановиќ, Марковска Ангелина | 1 |
| Божиновска П. Жана | 7 |
| Божиновска П. Жана; Ивановски Христо | 1 |
| Без потпис | 53 |
| Б.Ѓ. | 1 |
| Б.П. | 1 |
| Богоевски Живко | 1 |
| Божиновска П. Жана, Јовановска Светлана | 2 |
| Билјановски, Митко | 1 |
| Биљали, Мерсел | 1 |
| Бошковска, Александра | 1 |
| Блажевска, Катерина | 2 |
| Букарски,Алекс | 2 |
| Бучковски, Владо | 1 |
| Вакнин,Сем | 1 |
| В. Т. | 1 |
| Грџодамовска, Лилјана | 2 |
| Давитоглу, Ахмет | 1 |
| Даути, Даут | 2 |
| Димитров, Божидар | 1 |
| Димитровски, Предраг | 4 |
| Димовски, Илија | 4 |
| Димчев, Н. Димо | 1 |
| Ѓоргевски, Бранко | 13 |
| Ѓоргевски, Бранко, Трајковска, Маринела | 1 |
| Ѓоргиевска, Сребра | 1 |
| Жежов, Никола | 1 |
| Ж.П.Б. | 3 |
| Ж. П. Б. – С. Ј. | 1 |
| Жежов, Никола | 1 |
| Здравковска, Жанета | 1 |
| Ивановска, Весна | 2 |
| Иванов, Ангел, Никовски, Ристо | 1 |
| Иванов, Зоран | 1 |
| Иванов, Ѓорге | 1 |
| Ивановски, Христо | 7 |
| Ис.К. | 1 |
| Јаневски, Дарко | 1 |
| Јаневски, Славко | 1 |
| Јовановски, Мето | 1 |
| Јовановска, Светлана | 1 |
| Јанчовски, Тихомир | 1 |
| Казиовска, Соња | 1 |
| Кокаланов, Сашо | 2 |

| | |
|---|---|
| Костовска, Ивана | 1 |
| Коцевски, Данило | 1 |
| Крстевски, Лазар | 1 |
| Кујунџиски, Жарко | 1 |
| Лазаревска, Марина | 1 |
| Љ. М. | 1 |
| Макрина, сестра | 1 |
| Манасиев, Александар | 1 |
| Мико, Џејсон | 1 |
| Мирчев, Димитар | 5 |
| Михајлова, Наташа | 1 |
| М. Т. | 2 |
| М. Т. – Ж. П. Б. | 1 |
| М. Л. | 1 |
| М. Л. | 1 |
| Наумов, Кире | 1 |
| Науновски, Тони | 15 |
| Нешкова, Катерина, Трајковска, Маринела | 1 |
| Нешкова, Катерина | 1 |
| Neogenocide.com | 1 |
| Никовски, Ристо | 1 |
| Огњанов, Тоше | 1 |
| Пендаровски, Стево | 3 |
| Петровски, Димитар | 1 |
| Петрова, Анела | 1 |
| Попетрески, Васко | 1 |
| Поповски, Никола | 2 |
| Поповска, Татјана | 2 |
| П. П. | 1 |
| Саркањац, Бранислав | 1 |
| Силјановска, Софија | 1 |
| Силјан, Раде | 1 |
| Славески, Стојан | 3 |
| Славевски, Стојан | 2 |
| Стефановски, Петко, | 1 |
| Стефановски, Владимир | 1 |
| С. К. | 1 |
| С. А. Ј. | 1 |
| Тодоровска, Вера | 3 |
| Трајановска, Никола Олгица | 1 |
| Трајановски, Жарко | 13 |
| Трајановски, Христо | 1 |
| Т. П. | 2 |
| Т. О. | 1 |
| Фрчковски, Д. Љубомир | 1 |
| Цветковска, Жаклина | 1 |
| Челиковиќ, Ивица | 1 |
| Вкупно | 231 |

**Табела 2:** Табеларен приказ на класификацијата на текстовите во весникот *Дневник* според авторите на текстовите по број на текстови

Направената класификација (Табела 2) покажува дека темата идентитет е провокација и предизвик за 93 автори, кои во периодот од 2009-2013 година сакаат да се произнесат и да дадат свое мислење по однос на ова прашање. Согласно направената класификација според авторите на текстовите, во анализираните 231 новинарски текст, идентификувани се 53 текста каде авторот не е наведен (односно една четвртина од текстовите во кои се употребува поимот идентитет не се потпишани) и 19 текста каде авторот е даден со иницијали. Понатаму, 58 автори се јавуваат со по еден текст (односно голем број автори поимот идентитет го употребиле во еден текст), 12 автори се јавуваат со по два текста, 3 автори се јавуваат со по три текста, 2 автори се јавуваат со по четири текста, 1 автор се јавува со пет текста, 2 автори се јавуваат со по седум текста, 2 автори се јавуваат со по тринаесет текста и 1 автор се јавува со петнаесет текста. Може да се заклучи дека:

прво: голем број на автори имаат потреба да се произнесат по однос на предметното прашање и

второ: мал дел од авторите на оваа тема се навраќаат повеќе пати со цел детално да ја разработат. Според податоците, во весникот *Дневник,* ав-

тори кои најмногу го употребуваат поимот идентитет во своите текстови се Тони Науновски во 15 текста и Бранко Ѓорѓевски со 13 текста.

*Б) Класификација според годините на објавување*

Класификацијата според годините на објавување ја има следнава структура:

| **Весник:** ***Дневник*** | Вкупно идентификувани текстови што го содржат поимот идентитет |
|---|---|
| **Година на објавување на текстовите** | **број** |
| **2009** | **67** |
| **2010** | **50** |
| **2011** | **32** |
| **2012** | **44** |
| **2013** | **38** |
| **Вкупно** | **231** |

**Табела 3:** Табеларен приказ на класификацијата на текстовите во весникот *Дневник,* според годината на објавување

Од Табелата 3 се забележува дека, во весникот *Дневник* од вкупниот број анализирани 231 текста, идентификувани се 67 текстови во 2009 година, 50 текстови во 2010 година, 32 текста во 2011 година, 44 текста во 2012 година и 38 текста во 2013 година. Притоа, може да се заклучи дека во весникот *Дневник* најмал број текстови се објавени во 2011 година, а најголем број се објавени во 2009 година, кога всушност се забележува и драстично зголемување на фреквентноста на текстовите што го употребуваат поимот идентитет, што упатува на заклучокот дека во 2009 година весникот *Дневник,* и придава големо значење на оваа тема. Но, од друга страна пак може да се заклучи дека, во весникот *Дневник,* бројот на текстови кои го содржат поимот идентитет од 2009 до 2013 година драстично опаѓа, односно се намалува бројот на текстови кои директно се поврзуваат со поимот идентитет. Ваквиот статистички пад може да упати на заклучокот дека осцилира интересот на Редакцијата и авторите за темата/поимот идентитет

*В) Жанровска класификација*

Класификација на текстовите што во себе го содржат поимот идентитет по жанрови, ја има следнава структура.

| **Весник:** ***Дневник*** | **Вкупно идентификувани текстови што го содржат поимот идентитет: 231** |
|---|---|
| **Жанр/вид текст** | **број** |
| **Вест/информација** | **70** |
| **Изјава** | **5** |
| **Извештај** | **18** |
| **Интервју** | **15** |
| **Есеј(колумна)** | **52** |
| **Анализа/статија** | **40** |
| **Коментар** | **30** |
| **Фељтон** | **1** |
| **Сондажа/анкета** | **0** |
| **Фотовест и/или фоторепортажа** | **0** |
| **Објави на читателите** | **0** |
| **Вкупно** | **231** |

**Табела 4:** Табеларен приказ на класификацијата на текстови во весникот *Дневник* според вид/жанр

Од табелата 4 се забележува дека, поимот идентитет не е претставен преку жанровите: сондажа/анкета, фотовест и/или фоторепортажа и објави на читателите. Но, земајќи го предвид фактот дека, сондажата/анкетата се составен дел на текс-

товите што генерално се класифицираат во други жанрови, а фотовеста и фоторепортажата не е соодветен новинарски жанр за ваков вид материјал, може да се заклучи дека во весникот *Дневник*, не е присутен само жанрот објави на читателите. Индикативен е фактот дека, од вкупниот број новинарски текстови во кои се споменува поимот идентитет, приближно една четвртина, односно 52 текста спаѓаат во жанрот колумна, која имплицитно е обоена со авторски став, а воочливо е дека весникот *Дневник* во повеќе случаи ги изразува авторските ставови, што не мора да значи дека тие ставови се идентични и се хармонизираат еден со друг. Во жанрот коментар спаѓаат 30 текстови, додека пак 40 текстови спаѓаат во жанрот анализа, кои по аналитички го третираат поимот идентитет, од каде може да се заклучи дека, авторите на текстовите кон темата идентитет приоѓаат доста сериозно и со продлабочени размислувања. Од друга страна пак, не е мал бројот на текстови - 70, кои спаѓаат во жанрот вест/информациија, која е релативно објективна, без јасно нагласен став, што упатува на заклучокот дека во одреден број случаи темата идентитет се третира информативно, како известување за некој настан или со кратка изјава. Во идентификуваните текстови се сретнуваат и 15 интервјуа, 2 анкети и 1 фељтон. Ако се спореди бројната состојба на жанровите што во своите жанровски конвенции оставаат простор за попродлабочени и пообразложени ставови (есеј, анализа и коментар) и оние што имаат функција да известат (вест, изјава, извештај), ќе се дојде до заклучокот дека соодносот помеѓу нив, речиси е балансиран. Во првата категорија спаѓаат 122 текста, а 93 текст а(кои по својата бројност се нешто помалку од текстовите од првата категорија, кои носат по продлабочена анализа),спаѓаат во втората категорија

*Г) Класификација според концепти/модели на идентитет*

Класификацијата на текстови според концептите/моделите на идентитет, ја има следнава структура:

| **Весник:** ***Дневник*** | **Вкупно идентификувани текстови што го содржат поимот идентитет: 231** |
|---|---|
| **Концепт/модел на идентитет** | **број** |
| **Есенцијалистички** | **210** |
| **Антиесенцијалистички/ конструктивистички** | **19** |
| **Преоден** | **2** |
| **Вкупно** | **231** |

**Табела 5:** Табеларен приказ на класификацијата на текстови во весникот *Дневник* според концептите/-моделите на идентитет

Направената класификација (Табела 5) покажува дека во весникот *Дневник* поимот идентитет е разгледуван/поиман преку двата концепти/модели на идентитет и еден преоден модел (модел кој е комбинација на елементи од есенцијалистичкиот и од антиесенцијалистичкиот/ констрктувистичкиот концепт на идентитет). Имено, од вкупниот број анализирани 231 текста идентификувани се 210 текстови во кои поимот идентитет е виден како есенцијалистички, 19 текстови во кои поимот идентитет е виден како поим кој се конструктруира и 2 текста во кои поимот идентитет е виден како преку концепт/модел на идентитет кој го именуваме како преоден. Може да се заклучи дека, во значително голем број текстови поимот иденти-

тет се поима преку есенцијалистичкиот концепт на идентитет, односно поимот идентитет во текстовите се врзува за името, јазикот, минатото, традицијата, територијата, етницитетот. Мал број на текстови поимот идентитет го поимаат преку антиесенцијалистичкиот/конструктивистичкиот концепт на идентитет, односно во текстовите поимот идентитет се поима како динамичен, променлив како резултат на променетите општествени вредности, транзицијата, кризата.... Само во два текста се забележува обид на комбинирање на двата модела. Може да се заклучи дека весникот *Дневник* доста сериозно и со продлабочени размислувања приоѓа кон поимот идентитет, форсирајќи го пред сè есенцијалистичкиот концепт на идентитет.

## VIII. Статистичка анализа на весникот *Нова Македонија*

*А) Класификација според авторите на текстовите*

Во периодот од 2009-2013 година за прашањата поврзани со поимот идентитет, во весникот *Нова Македонија* пишуваат и размислуваат повеќе автори. Дел од нив се огласуваат повеќе пати, но најголем дел пишуваат по еднаш, па структурата на класификацијата по автори е следнава:

| Весник: *Нова Македонија* | Вкупно идентификувани текстови што го содржат поимот идентитет: 112 |
|---|---|
| Име на автор/автори | број |
| Андоновски, Венко | 1 |
| Андоновски, Зоран | 1 |
| Арсовски, Харалампие | 1 |
| Арсовски, Кирчо | 1 |
| Блажевска, Даниела | 1 |
| Бојчев, Душан | 1 |
| Боцевски, Ивица | 1 |
| Без потпис | 10 |
| Василевски, Жарко | 2 |
| Велиновска, Мирка | 15 |
| Вл. Д. | 1 |
| В. Д. | 1 |
| Гелева, Емилија | 1 |
| Георгиевски, Сашо | 2 |
| Гроздановска, Димишковска Љубица | 1 |
| Дамчевска, Весна | 6 |
| Денковска, Александра | 1 |
| Димковски, Александар | 2 |
| Димишкова, Слаѓана | 2 |
| Димеска, Фросина | 1 |
| Заревска, Радмила | 5 |
| И. Н. | 1 |
| Јаневски, Дарко | 1 |
| Јањатов, Драган | 1 |
| Јачевска, Сања | 1 |
| Јорданова, Поп Нада | 2 |
| Калоѓера,Горан | 1 |
| Клековски, Сашо | 1 |
| Костовска, Ивана | 5 |
| Кочов, Стојан | 1 |
| К.Н. | 2 |
| Ка. М. | 1 |
| Мијатовиќ, Владимир | 1 |
| Митревски, Дарко | 1 |
| Нешкова, Катерина | 2 |
| Николовски, Владимир | 1 |
| Никовски, Ристо | 3 |
| Огинар, Нестор | 1 |
| Опетческа, Искра | 1 |
| Опетческа, Искра; Поповска, Христов Антонија | 1 |
| Опетческа, Искра; Стојановска, Сунчица | 1 |
| Петревски, Георгиева Мимоза | 4 |
| Попески, Марјан | 1 |

| | |
|---|---|
| Поповска, Христова Антонија | 2 |
| Русјаков, Александар | 2 |
| Србиновски, Александар | 1 |
| Стојановска, Јоксимовска Сунчица | 1 |
| С. Д. | 1 |
| Таневска, Марта | 1 |
| Тантуровска, Лидија | 1 |
| Темков, Кирил | 1 |
| Трпковски, Гоце | 1 |
| Франговска, Јасна | 5 |
| Ф. Д. | 1 |
| Шкрбина, Петар | 1 |
| Вкупно | 112 |

**Табела 6:** Табеларен приказ на класификацијата на текстовите во весникот *Нова Македонија* според авторите на текстовите по број на текстови

Класификацијата (Табела 6) ни покажува дека темата идентитет е провокација и предизвик за 56 автори, што во периодот од 2009-2013 година сакаат да се произнесат за неа со свои ставови и размислувања. Во анализираните 112 текста, идентификувани се 10 новинарски текстови каде авторот не е наведен (односно еден дел од текстовите во кои се употребува поимот идентитет не се потпишани) и 8 текстови каде авторот е даден со иницијали. Понатаму, 33 автори се јавуваат со по еден текст (односно голем број автори поимот идентитет го употребиле во еден текст), 9 автори се јавуваат со по два текста, 1 автор се јавува со три текста, 1 автор се јавува со четири текста, 3 автори се јавуваат со по пет текста, 1 автор се јавува со шест текста и 1 автор се јавува со петнаесет текста. Може да се заклучи дека, темата идентитет не се третира само од еден автор, за неа пишуваат повеќе автори(односно 56 автори), кои се огласуваат со по еден, два, три, четири, пет, шест и петнаесет текстови. Од една страна може да се забележи и заклучи дека поимот идентитет се користи од различни автори, понекогаш со различни значења, а од друга пак да се забележи и заклучи дека мал дел од авторите на оваа тема пишуваат и по неколку пати., Според податоците, во весникот *Нова Македонија* поимот идентитет најмногу го употребуваат авторите Мирка Велиновска која се огласува со 15 текстови и Ивица Боцевски со 6 текстови.

*Б) Класификација според годината на објавување*

Класификацијата според годината на објавување на текстовите, ја има следнава структура:

| **Весник: *Нова Македонија*** | Вкупно идентификувани текстови што го содржат поимот идентитет:112 |
|---|---|
| **Година на објавување на текстовите** | Број |
| **2009** | **22** |
| **2010** | **22** |
| **2011** | **39** |
| **2012** | **16** |
| **2013** | **13** |
| **Вкупно** | **112** |

**Табела 7:** Табеларен приказ на класификацијата на текстовите во весникот *Нова Македонија* според годината на објавување

Од Табелата 7 се забележува дека во анализираните 112 текстови од весникот *Нова Македонија* идентификувани се 22 текста во 2009 година, 22 текста во 2010 година, 39 текста во 2011 година, 16 текстови во 2012 година и 13 текстови во 2013 година, што го содржат поимот идентитет. Може

да се заклучи дека, најголем број 39 текстови со поимот идентитет се објавени во 2011 година, а најмал број 13 текстови се објавени во 2013 година, односно во периодот од 2009 – 2011 година интересот за темата идентитет расте, а во периодот од 2012 – 2013 година интересот за темата идентитет опаѓа. Ваквата статистичка осцилација може да упати на заклучокот дека осцилира интересот на Редакцијата и на авторите за темата/поимот идентитет.

*В) Жанровска класификација*

Класификацијата на текстовите што во себе го содржат поимот идентитет по жанрови, ја има следнава структура:

| Весник: *Нова Македонија* | Вкупно идентификувани текстови што го содржат поимот идентитетот:112 |
|---|---|
| Жанр/Вид на статија | Број |
| Вест/информација | 27 |
| Изјава | 10 |
| Извештај | 7 |
| Интервју | 3 |
| Есеј(колумна) | 35 |
| Анализа/статија | 5 |
| Коментар | 25 |
| Фељтон | 0 |
| Сондажа/анкета | 0 |
| Фотовест/или фоторепортажа | 0 |
| Објави на читателите | 0 |
| Вкупно | 112 |

**Табела 8:** Табеларен приказ на текстовите во *Нова Македонија* според вид/жанр

Од направената жанровска класификација (Табела 8) се забележува дека, поимот идентитет не е претставен преку жанровите: фељтон, сондажа/-анкета, фотовест и/или фоторепортажа и објави на читателите. Доминираат колумната/есејот со 35 текста, потоа веста/информацијата со 27 текста, коментарот со 25 текста, изјавите со 10 маркирања, извештајот со 7 маркирања и 3 интервјуа. Индикативно е дека од вкупниот број новинарски текстови во кои се споменува поимот идентитет, речиси една третина од текстовите спаѓаат во жанрот есеј/колумна, која имплицитно е обоена со авторски став, а весникот *Нова Македонија* во повеќе случаи ги изразува авторските ставови, што никако не значи дека тие ставови се идентични и се хармонизираат еден со друг, додека пак една четвртина од останатите текстови спаѓаат во жанрот вест/информација, која е релативно објективна, без јасно нагласен став. Ова упатува на заклучокот дека во одреден број случаи темата идентитет се третира информативно, како известување за некој настан или со кратка изјава. Ако се спореди бројната состојба на жанровите што во своите жанровски конвенции оставаат простор за попродлабочени и пообразложени ставови(есеј, анализа и коментари) и оние што имаат функција да известат(вест, изјава, извештај), ќе се дојде до заклучокот дека соодносот меѓу нив речиси е балансиран, односно 65 текстови спаѓаат во првата категорија, а 44 текстови(кои по својата бројност се нешто помалку од текстовите од првата категорија, кои носат по продлабочена анализа) спаѓаат во втората категорија,

*Г) Класификација според концепти/модели на идентитет*

Класификацијата на текстови според концептот/моделот на идентитет, ја има следнава структура:

| **Весник:** ***Нова Македонија*** | **Вкупно идентификувани текстови што го содржат поимот идентитет: 112** |
|---|---|
| **Концепт/модел на идентитет** | **број** |
| **Есенцијалистички** | **105** |
| **Антиесенцијалистички/ конструктивистички** | **6** |
| **Преоден** | **1** |
| Вкупно | 112 |

**Табела 9:** Табеларен приказ на класификацијата на текстови во весникот *Нова Македонија* според концептот/моделот на идентитет

Направената класификација (Табела 9) покажува дека во весникот *Нова Македонија* поимот идентитет е разгледуван/поиман преку трите концепти/модели на идентитет. Од вкупниот број анализирани 112 текста, во кои се употребува поимот идентитет, идентификувани се 105 текстови во кои поимот идентитет е разгледуван/поиман преку есенцијалистичкиот концепт на идентитет, 6 текстови во кои поимот идентитет е разгледуван/-поиман преку антиесенцијалистичкиот/конструктивистичкиот концепт на идентитет, и 1 текст во кои поимот идентитет е разгледуван/поиман преку преодниот концепт/модел на идентитет(модел кој е комбинација на елементи од есенцијалистичкиот и од антиесенцијалистичкиот/констрктувистичкиот концепт на идентитет). Може да се заклучи дека во значително голем број текстови поимот идентитет согласно есенцијалистичкиот концепт на идентитет, се врзува за името, јазикот, минатото, традицијата, територијата, етницитетот. Во мал број на текстови согласно антиесенцијалистичкиот/конструктивистичкиот концепт на идентитет, поимот идентитет се поима како нешто што активно се гради, како динамичен, променлив зависно од промената на општествени вредности, транзицијата.... Само во еден текст се забележува преодниот концепт - обид да се разгледува/поима поимот идентитет преку комбинирање на дел од есенцијалните елементи што го сочинуваат и преку моменталното/различното полнење на неговата содржина со актуелниот дневно политички вокабулар. Може да се заклучи дека весникот *Нова Македонија* многу сериозно и со продлабочени размислувања приоѓа кон поимот идентитет, форсирајќи го во најголем дел во текстовите есенцијалистичкиот концепт на идентитет

## IX. Заклучни согледби

Од статистичката анализа изведена за дневните весниците *Дневник* и *Нова Македонија*, може да се извлечат следниве заклучоци:

1. Бројот на објавени текстови на темата идентитет по години укажува дека таа во континуитет е присутна и во двата весника, што говори во прилог на тоа дека по одбивањето на Република Македонија да стане рамноправен на членка на НАТО и ЕУ се чувствува потреба за анализа на состојбата која настанува. Фактот дека одбивањето навлегува во идентитетските прашања ја одразува личната засегнатост на граѓаните.

2. Затоа, темата за националниот идентитет во посочениот период (2009-2013) е актуелна тема и е провокација за многу автори (149), кои заради притисокот од страна на Република Грција имаат потреба јавно да ги искажат своите ставови.

3. Може да се заклучи дека и во весникот *Дневник* и во весникот *Нова Македонија* авторите кон темата пристапуваат од позицијата што е можно повеќе слободно да се мисли и зборува. Но, со оглед на тоа дека весникот *Дневник* повеќе се задржува на прашањата кои се поврзани со македонската стварност, со внатрешно политичката состојба и културата, за разлика од весникот *Нова Македонија* кој се задржува повеќе на прашањата кои се поврзани со надворешно политичката, општествената и економската состојба, весникот *Дневник* овозможува поголем увид во концепциите за идентитетот во рамките на македонската јавност.

4. Жанрите кој се користат (есеј/колумна) со цел да се дебатира за темата на националниот идентитет се соодветни на оние кои пред се имаат за цел да го пласираат личниот став. Од друга страна добар дел од текстовите се информативни. Тоа води кон заклучокот дека од една страна, интензивниот интерес за поимот идентитет се јавува како последица на известувањето по некој повод, а од друга страна како повод да се соопштат прашања за кои сметаме дека се важни, прашања кои се од суштествено/пресудно значење за иднината на земјата, па оттука со нив постои и емоционална поврзаност.

5. Жанровите што го актуелизираат дебатирањето за поимот идентитет по линијата на двете оски: вертикалната (дијахрониска, матична оска на класичната и наследената национална традиција) и хоризонталната (синхрониска, космополитска оска на современата иновација) е на задоволително ниво.

6. Од класификацијата според концептите/-моделите на идентитет кои ги застапуваат авторите, може да се заклучи дека во најголем број текстови поимот идентитет се поима/разгледува преку есенцијалистичкиот концепт, во многу мал број на текстови поимот идентитет се поима/ разгледува преку конструктивистичкиот концепт. Во неколку текстови се прави обид да се комбинраат двата концепти. Тоа говори за нагласената желба националниот идентитет да се претставу како нешто што произлегува од есенцијата на нацијата и како такво не може да се менива. Од друга пак се оние текстовите/авторите што свесно/или несвесно ја поставуваат тезата за неможноста за „чисти идентитети" (зборуваат за повторно обмислување на содржината и значењето на поимот идентитет) и ја нагласуваат важноста на граѓанскиот концепт.

Од вака поставените заклучоци станува јасна меѓузависноста на застапеноста на концептите за националниот идентитет и општествено-политичките констелации на меѓународен план. Непринципиелното барање од страна на Република Грција Република Македонија под притисок да го смени своето уставно име, а со тоа под притисок да интервенира во атрибитите на сопствениот идентитет, покренува процеси кои можат да се согледаат токму преку анализа на влијателните печатени медиуми. Македонската јавност, судејќи според текстовите објавени во македонските печатени медиуми *Дневник* и *Нова Македонија,* реагира со усвојување на една постара и поагресивна концепција за идентитетот, соодветно одговарајќи на причи-

ните заради кои Република Грција го поставува т.е. проблем на името.

Анализираниот материјал ни потврдува дека:

- и двата медиуми имаат нагласен интерес за дебата околу поимот национален идентитет;

- и двата медиуми го актуализираат есенција-листичкиот концепт за националниот идентитет во желбата да ја нагласат идејата дека за идентитетот не може да се преговара;

- и идентитетот го сметаат за една од најважните теми за македонската држава.

## ЛИТЕРАТУРА

А) КИРИЛИЦА

[1] Андерсон, Бенедикт. *Замислени заедници*. Скопје: Култура, 1998.

[2] Андриќ-Патернаи, Кристина. *Името и прашањето на идентитетот во книжевната теорија*. Загреб: Аркзин, 2008.

[3] Бановиќ-Марковска, Ангелина. *Групен портрет*. Скопје: Магор, 2007.

[4] Бауман, Зигмунд. *Постмодерна етика.*, Скопје: Темплум, 2005.

[5] Брајдоти, Рози. „Идентитет, субјективитет и разлика“, во: Стојменска-Елзесер, Соња. *Компаративна книжевност:хрестоматија,* Скопје:Евро-БалканПресс, Менора, 2007.

[6] Браун, К. *Минатото под прашање. Модерна Македонија и неизвесностите на нацијата*. Скопје: едиција Крстопати, ЕвроБалканПресс, 2010..

[7] Георгиевска-Јаковлева, Лорета. „Помеѓу утопијата и безнадежноста – културната транзиција во романот *Осмото светско чудо* од Јордан Плевнеш“, во: Спектар, бр.50. Скопје: Институт за македонска литература, (2007): 53-61.. _ _ _. *Идентитет(и).* Скопје: Институт за македонска литература, 2012.

_ _ _ . Културата и медиумите. Скопје: Книгоиздателство МИ-АН, 2014.

[8] Груевски, Томе. *Јавното информирање во Македонија.* Скопје: НИП „Студентски збор“, 1991.

_ _ _. *Историја на новинарството.* Скопје: НИП „Студентски збор“, 1999.

_ _ _ . *Теорија на новинарството.* Скопје: НИП „Студентски збор“, 2000.

[9] Денерт, Штефан, Алфред Диболд. *Вредностите и политиката : ЕУ и Југоистокот на Европа* . Скопје: Фондација ФридрихЕберт, Канцеларија Скопје, 2006. http://www.fes.org.mk/pdf/H.Zundhausen%20%20Postojat%20li%20evropski%20vrednosti.pdf

[10] Денерт, Штефан. „Европа проширена кон Југоисток - заедница на вредности?“ во:Денерт, Штефан, Алфред Диболд. *Вредностите и политиката: ЕУ и Југоистокот на Европа.* Скопје: Фондација ФридрихЕберт, Канцеларија Скорје, 2006.11. Дерида, Жак. *Другиот правец.* Скопје: Темплум, 2001.

[11] Зундхаусен, Холм. „Враќање кон Европа? Југоисточна Европа помеѓу Западот и Истокот“, во:Денерт Штефан, Алфред Диболд. *Вредностите и политиката: ЕУ и Југоистокот на Европа.* Скопје: Фондација ФридрихЕберт, Канцеларија Скопје, 2006.

[12] ИНПРЕС. „Лулката на демократијата“ – полигон на шовинизмот! [ Online ]. Available:

[13] http://www.inpress.com.mk/default.asp?ItemID=D248A6D4Ea249C4A812D02F0536D5477 [Accesed].

[14] Крамариќ, Златко. *Идентитет, текст, нација.* Скопје: Табернакул, 2010.

[15] Крамариќ, Златко, Ангелина Бановиќ-Марковска. *Политика. Култура. Идентитет (интеркултурален дијалог).* Скопје: Магор, 2012.

[16] Левинас, Емануел. *Другачије од бивства или с онустранубивствовања.* Никшиќ: Јасен, 1999.

[17] Мојсиева-Гушева, Јасмина. „ Балканот и проблемите на идентитетот“, во: Спектар, бр. 50, Скопје: Институт за македонска литература, (2007): 103-108.

[18] Малуф, Амин. *Погубни идентитети.* Скопје: Матица Македонска, 2001.

[19] Њиши, Армандо. *Компаративна книжевност.* Скопје:Магор, 2006.

[20] Попоски, Зоран. *Простори на моќта.* Скопје:Темплум, 2009.

[21] Саит, Едвард В. *Ориентализам.* Скопје:Магор, 2003.

[22] Саркањац, Бранислав. *По свое*: (македонски катахрезис или како да се зборува за Македонија).Скопје:Макавеј, 2009.

[23] Силјановска-Давкова, Гордана. „Човекот како слика водилка – Барања за етос, патос и логос“, во: Денерт Штефан, Алфред Диболд. *Вредностите и политиката: ЕУ и Југоистокот на Европа.* Скопје: Фондација ФридрихЕберт, Канцеларија Скопје, 2006.
[24] Стојменска-Елзесер, Соња. *Компаративна книжевност*: хрестоматија; (Едиција хрестоматии Теории на Другоста). Скопје: ЕвроБалканПресс : Менора, 2007.
[25] Тодорова, Марија.*Замисливајќи го Балканот*. Скопје: Магор, 2001.,
[26] Угрешиќ, Дубравка. *Култура на лагата*. Скопје: Сигмапрес, 2011.
[27] Фројд, Сигмунд. *Неугодното во културата*. Скопје: Магор, 2008,
[28] Фуко, Мишел. *Надзор и казна*. Скопје: Слово, 2004а.
- -. *Знаење и моќ.* Скопје: Слово, 2004б.
- -. *Археологија на знаењето*, Скопје: Слово, 2010.
[29] Хегел, ГеоргВилхелмФридрих. *Феноменологија на духот.* Скопје: Ѓурѓа, 1987.
[30] ЧакравортиСпивак, Гајатри. *Постколонијална критика.* Скопје: Темплум, 2003.
[31] Шелева, Елизабета. *Дом / Идентитет*. Скопје: Магор, 2005.
- -. *Домот на писмото.* Скопје:Магор, 2008.
- -. „Ах, тие, Балканци“, *Културолошки есеи.* Скопје:Магор, 2000.
[32] Текстови(штогосодржатпоимотидентитет) во весникот *Дневник,* период 2009-2013 година. http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=......
[33] Текстови(штогосодржатпоимотидентитет) во весникот *Нова Македонија*, пероид2009-2013 година.
[34] http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=...

б) ЛАТИНИЦА
[1] Agabmen, Giorgio. *Homosacer.* Zagreb:Arkzin,2006.
[2] Anderson, Benedikt. *Nacija, zamisljenazaednica*. Zagreb: Skolskaknjiga, 1983.
[3] Arent, Hana.*Theoriginsoftotalitarizam*. SanDiego-NewYork-London: HarvestBook&Harcourt, 1976.
[4] Balibar, Etjen. *MigraganiEvrope? Granice, drzava, narod*. Beograd: Beogradskikrug, 2003.
[5] Beck, Ulric & Grande, Edgar. *KosmopolitskaEvropa: drustvo I politika u drugojmoderni*. Zagreb: Skolskakniga, 2006.
[6] Bilefeld, Ulrih. *Stranci – prijateljiilineprijatelji*. Beograd: Biblioteka XX vek, 1998.
[7] Biti, Vladimir. *Dobasvjedocenja. Tvorbaidentiteta u suvremenojhrvatskojprozi*. Zagreb: Maticahrvatske, 2005**.**
[8] Čepo, Dario. „Od nacionalnoga k supranacionalnom: europskiidentitetiEuropskaUnija“. In: BUDAK, N. & KOTURANIC, V. (eds.) *Hrvatskinacionalniidentitet u globalizirajucemsvijetu.* Zagreb: Centarzademokratijuipravo; Pravnifakultet Zagreb, 2010.9.Chakravorti Spivak, Gajatri. *Kritikapostkolonijalnoguma.*Beograd:Beogradskikrug, 2003.
[9] Domenak, ZanMari. *Evropa, kulturniizazov*., 1991.
[10] Eriksen, T. H.*Etnicitet i nacionalizam*. Beograd:Biblioteka XX vek, 2004.
[11] Fanon, Franc.*Prezreninasvetu*. Zagreb: Stvarnost, 1973.
[12] Gellner, Ernest. *Nacije i nacionalizam*. NoviSad: MaticaSrpska, 1997.
[13] Gramsci, Antonio.*ThePrisonNotebooks: Selections*. NewYork: International Publishers, 1971.
[14] Habermas, Jurgen. *Javnomnenje*. Beograd: Kulturta, 1969.
- -. *Eseji o Europi.* Zagreb: Skolskaknjiga, 2008.
[15] Hall, Stuart. „Kometrebaidentitet“, U. D. Duda (ур.), Politikateorije. Zagreb:Disput, 2006.
- - -. Cultural Identity and Diaspora, Identity, Community, Culture, Difference. Ed. Jonathan Rutherford. London, 1990. Превземено од http://www.rlwclarke.net/theory/primarysources/hallculturalidentityanddiaspora.pdf
[16] Hastings, A. *Gradnjanacionaliteta*. Rijeka:Buybook, 2003.
[17] Hobsbaum, Erik. *Nacijainacionalizmiod 1780. Program, mit, stvarnost*. Beograd: FilipVisnjic, 1996.
[18] Joas, Hans. „Die kulturellenWerteEuropas. EineEinleitung“ ,in: Ders. – klausWiegandt (Hg.): *Die kulturellenWerteEuropas.* 2. Aufl. Frankfurt/M, 2005.
[19] Kagan, Robert. *Of Paradize and pover*. New York, 2003.
[20] Kundera, Milan. „TragedijaSrednjeEvrope“. In:Gordogan: casopiszaknjizevnost I svakulturnapitawa, god. 7, br. 17-18, Zagreb, 1985.
[21] Lacan, Jacques. *Cetiritemeljnapojmapsihoanalize*. Zagreb: Napred, 1986.
[22] La Capra, D. *History, Politics and Novel*. London: Ithaca, 1987.
[23] Levinas, Emanuel. *Totalitet i beskonacno: Ogled o izvanjskosti*. Sarajevo:Veselin Maslesa, 1976.

- -. *Drukcijeodbivstvaili s onustranubivstvovanja*. Niksic: Jasen,1999.
[24] Mikula, Maja. *Keyconceptsinculturalstudies*. NewYork: Polgravemacmillan, 2008.
[25] Mocnik, R. *3 TEORIJE: IdeologijaNacijaInstitucija*. Beograd: CSUb, 2003.
[26] Morlej, David, K. Robins. *Spaces of identity : global media, electronic landskapes and cultural boundaries.* London: Routledge, London and New York, 1995.
[27] Mouffe, C. „For a Politics of Nomadic Identity", во: *Traveellers Tales: Narratives of Home and Displacement*, (прир.) G. Robertson et. al. London: Routledge, (1994) : 105-113.
[28] Oraic-Tolic, Dubravka. *Muskamodernaizenskamoderna*. Zagreb: Ljevak, 2005.
[29] Ortega I Gaset, Hose. *Evropaiidejanacija*. Beograd: Artist, 2003.
[30] Peternai-Andric, Kristina. *Jezicneigre, norme, odgovornost*. Quorum, br.5-6, (2009): 351-379.
[31] Prosev-Oliver, Borjana. *Egzil u Makedonskojknjizevnosti*. Zagreb:Denona, 2010.
[32] Said, Edvard W.. *Kultura i imperijalizam.* Beograd: Beogradskikrug, 2002.
[33] Smith, Antoni. *Nacionalniidentitet*. Beograd:Biblioteka XX vek, 1998.
[34] Taylor, Ch. *The Malaise of Modernity*. Toronto: Anasi, 1991.
[35] Ďinič, Firdus. *Nauka o komuniciranju*. Beograd: Savremenaadministracija, 1978.
[36] Ďuverovič, Borisav. *Štampameguelektronskimmedijima*. Beograd: Ideje, 1980.
[37] Williams, Reymond. *CultureandSociety 1780-1950*. London: Chatto&Windus, 1958.
[38] Wittgenstein, L. *PhilosophischeUntersuchungen*. Frankfurt: a/M, 1960.
[39] Žizek, Slavoj. *Metastazeoznacavanja*. Beograd: Biblioteka XX vek, 1996.